Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.12.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за обезбедување на средства за исплата на надоместок за извршената работа за спроведување на Локалните избори 2017 година на претседателот, члековите, секретарот и нивните заменици на Општинската изборна комисија Кратово и на претседателите, членовите, и нивните заменици на избирачките одбори и за превоз и такси превоз**

**1.Се објавува: Одлука за обезбедување на средства за исплата на надоместок за извршената работа за спроведување на Локалните избори 2017 година на претседателот, членовите, секретарот и нивните заменици на Општинската изборна комисија Кратово и на претседателите, членовите, и нивните заменици на избирачките одбори и за превоз и такси превоз бр.09-1638/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1659/1
14.12.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/02), член 19 и член 31 став 2 точка 24 и член 88 став (4) од Изборен законик ("Службен весник на РМ" бр. 40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17), а согласно Упатството за начин на реализација на надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на локалните избори 2017 година за членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за Градоначалници на општините и за Градоначалник на градот Скопје 15 Октомври 2017 година на Државната изборна комисија бр.08-2787/1 од 14.11.2017 година, а во врска со Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на Локалните избори 2017 година за избор на членови на советите на општините и советот на градот Скопје и за избор на градоначалници на општините и Градоначалник на градот Скопје бр.08-2786/1 од 14.11.2017 година и Извештајот за работа на Општинската изборна комисија бр.11-363/1 од 22.11.2017 година, а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06, Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 12.12. 2017 година, донесе.

## О Д Л У К А

**за обезбедување на средства за исплата на надоместок за извршената работа за спроведување на Локалните избори 2017 година на претседателот, членовите, секретарот и нивните заменици на Општинската изборна комисија Кратово и на претседателите, членовите, и нивните заменици на избирачките одбори и за превоз и такси превоз**

**Член 1**

Со Одлуката се обезбедуваат средства за исплата на надоместокот за извршената работа за спроведување на Локалните избори 2017 година одржани на ден 15 Октомври 2017

година на претседателот, членовите, секретарот и нивни заменици на Општинската изборна комисија Кратово како и на претседателите, членовите и нивните заменици на избирачките одбори како и за исплата на економски оператор (превоз на избирачки одбори, материјали за деновите 14 и 15.11.2017 година) и за такси превоз (патување до Скопје во ДИК).

**Член 2**

Со Одлуката се обезбедуваат средства за исплата на надоместокот за извршената работа за спроведување на Локалните избори 2017 година одржани на ден 15 Октомври 2017 година за претседателот, членовите, секретарот и нивни заменици на Општинската изборна комисија Кратово во износ од 186.000,оо (сто осумдесет и шест илјади) денари.

**Член 3**

Со Одлуката се обезбедуваат средства за исплата на надоместокот за извршената работа за спроведување на Локалните избори 2017 година одржани на ден 15 Октомври 2017 година за претседателите, членовите и нивните заменици на избирачките одбори во износ од 856.000,оо (осумстотини педесет и шест илјади) денари.

**Член 4**

Со Одлуката се обезбедуваат средства во износ од 86.347,оо (осумдесет и шест илјади триста четириесет и седум) денари за исплата на економски оператор (превоз на избирачки одбори, материјали за деновите 14 и 15.11.2017 година), а исто така се обезбедуваат средства во износ од 3.200.оо (три илјади и двесте) денари за такси превоз (патување до Скопје во ДИК).

**Член 5**

Средствата од членовите 2, 3 и 4 на оваа одлука се обезбедуваат од Буџетот на општина Кратово, а истите ќе се трансферираат на сметката на Општинската изборна Комисија Кратово од која и ќе бидат исплатени надоместоците на членовите на изборните органи и трошоците за превоз и такси превоз.

**Член 6**

Оваа Одлука да се достави до Општинската изборна комисија Кратово.

**Член 7**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1638/1 **Претседател**
12.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година**

**1.Се објавува: Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година бр.09-1639/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1660/1 **Градоначалник**
14.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за Буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 5/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016, Советот на општина Кратово на 5-ата седница оддржана на 12.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Кратово за 2017 година на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Буџет | Самофин | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **К20 Музичка и сценско-музучка дејност** | | | | | |
| 401130 Основни плати -други вработени | 0 | 0 | 6.500 | 0 | 0 |
| 402110 Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 3.500 | 0 | 0 |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 0 | -28.000 | 0 | 0 |
| 421240 Течни горива | 0 | 0 | -22.000 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово" и ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1639/1
12.12.2017 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на пазаришни места на ГРАДСКИ ПАЗАР-КРАТОВО**

**1.Се објавува: Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на пазаришни места на ГРАДСКИ ПАЗАР-КРАТОВО бр.09-1640/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1661/1
14.12.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.12.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на пазаришни места на ГРАДСКИ ПАЗАР-КРАТОВО**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово дава согласност на Одлуката за утврдување на цените за издавање на пазаришни места на ГРАДСКИ ПАЗАР-КРАТОВО бр.02-511/1 од 24.11.2017 година донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности и инфраструктура "Кратово"-Кратово.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1640/1
12.12.2017 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за отстапување на вршење на работите на одржување на јавна чистота на ЈП "Кратово"**

**1.Се објавува: Одлука за отстапување на вршење на работите на одржување на јавна чистота на ЈП "Кратово" бр.09-1641/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1662/1
14.12.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен

весник на РМ„ бр:5/02), член 7 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на Р.М. бр:130/10, 23/11, 53/11, 80/12, 163/13, 44/15, 47/15, и 31/16„), член 22 став 2 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ„ бр: 63/16) и член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово „Службен Гласник на општина Кратово„ бр:6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 12.12.2017 година донесе

**О Д Л У К А**

**за отстапување на вршење на работите на оддржување на јавна чистота на ЈП "Кратово"**

**1.** Со Одлуката се отстапува вршењето на работите на оддржување на јавна чистота и чистење на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини на Јавно претпријатие ЈП„Кратово„-Кратово. Оддржување на јавна чистота подразбира миење и метење на јавни и сообраќајни површини, улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, паркиралишта, детски игралишта, отворени игралишта, бензински и такси станици, автобуски станици, отворени простори на јавни објекти, паркови, зелени површини, парк-шуми, улични тревници, патишта, проточни и суви канали, речни брегови и корита во урбаните средини и во рурални средини.

**2.** За вршење на работите на оддржување на јавната чистота, ЈП „Кратово„ќе изготвува годишни програми кои треба да содржат: вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиски средства, временски рокови за извршување на работите, динамиката и начинот на вршење на работите.

**3.** Средствата собрани од надоместокот за оддржување на јавната чистота ќе бидат приход на општината и ќе се користат за финансирање на работите на јавната чистота, а подетално ќе биде дефинирано во договорот.

**4.** Се овластува Градоначалникот на општина Кратово да склучува и раскинува менаџерски договори со Директорите на ЈП„Кратово„ Кратово, во кои детално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни.

**5.** Услугата дефинирана во точка 1 (чистење на снегот и мразот во зимски услови) до моментот на оспособување на ЈП„Кратово„ ќе ги врши друго правно лице избрано на јавен повик.

**6.** Одлуката влегува во сила на 01.01.2018 година, односно по изминувањето на Договорот за концесија со претходниот концесионер бр: 08-995/8 од 31.12.2013 г, а ќе се објави во „Службен Гласник„ на општина Кратово.

09 - 1641/1 **Претседател**
12.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување потреба за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за измена и дополнување на Одлуката за утврдување потреба за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Кратово бр.09-1642/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1663/1 **Градоначалник**
14.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 80-а од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09,124/10,18/11,36/11,54/11,13/12,144/12, 25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14,149/14,187/14,44/15,129/15,217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16 и 71/16),член 3 и член 20 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ бр.61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15, 23/16), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржна на ден 12.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

### за измена и дополнување на Одлуката за утврдување потреба за поставување на урбана опрема на територијата на општина Кратово

#### Член 1

Во Одлуката за утврдување потреба за поставување на урбана опрема на територијата на општина Кратово бр.07-947/1 од 20.06.2013 година членот 4 се брише.

#### Член 2

Во Одлуката за утврдување потреба за поставување на урбана опрема на територијата на општина Кратово бр.07-947/1 од 20.06.2013 година се додава нов член 17-а кој гласи:

Висината на комуналната такса на просторот пред деловни простории за вршење на дејност (поставување на урбана опрема), од метар квадратен, согласно Законот за комунални такси ќе изнесува:

**-5 денари од метар квадратен дневно за месеците: Јануари; Февруари; Март; Октомври; Ноември и Декември;**

**-10 денари од метар квадратен дневно за месеците: Април; Мај; Јуни; Јули; Август и Септември;**

#### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Кратово.

09 - 1642/1 **Претседател**
12.12..2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.12.2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### за објавување на Решение за констатирање престанок на мандат и за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово

**1.Се објавува: Решение за констатирање престанок на мандат и за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово бр.09-1643/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1664/1 **Градоначалник**
14.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа, а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр. 6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 12.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за констатирање престанок на мандат и за именување на членови на Управниот одбор на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово**

**I.** Со Решението се констатира престанок на мандатот на Јован Петров и Христина Мирче Наковска како членови на Управниот одбор-преставници именувани од Советот на Општина Кратово на Јавната општинска установа Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово поради тоа што истите имаат доставено до советот оставки на функциите поради лични причини.

За членови на Управниот одбор на Јавната Дом на културата "Лазар Софијанов"-Кратово како преставници од Советот на Општина Кратово се именуваат:

1. Иван Ивановски
2. Ивица Мишев

**II.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1643/1 **Претседател**
12.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за констатирање престанок на мандат и за именување на член на Управниот одбор на ЈЗУ "Здравствен дом Кратово"**

**1.Се објавува: Решение за констатирање престанок на мандат и за именување на член на Управниот одбор на ЈЗУ "Здравствен дом Кратово" бр.09-1644/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1665/1 **Градоначалник**
14.12.2017 г. **на Општина Кратово**
Кратово Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа, а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр. 6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 12.12.2017 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за констатирање престанок на мандат и за именување на член на Управниот одбор на ЈЗУ "Здравствен дом Кратово"**

**I.** Со Решението се констатира престанок на мандатот на Гоце Марковски како член на Управниот одбор на Јавната здравствена установа "Здравствен дом Кратово" како преставник од Советот на Општина Кратово поради тоа што истиот е именуван за В.д. Директор на ЈЗУ "Здравствен дом Кратово".

За член на Управниот одбор на Јавната здравствена установа "Здравствен дом Кратово" како преставник од Советот на Општина Кратово се именува Билјана Цветанова.

**II.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1644/1
12.12.2017 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Ранко Арсов, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 14.12.2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈЗУ "Здравствен дом Кратово"**

**1.Се објавува: Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈЗУ "Здравствен дом Кратово" бр.09-1645/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 12.12.2017 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08 - 1666/1
14.12.2017 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на Општина Кратово**
Д-р Љупчо Бојаџиев, с.р.

Врз основа на член 36 став (1) точка 5 од Законот за локалната самоуправа, а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр. 6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 12.12.2017 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за разрешување и именување на член на Управниот одбор на ЈЗУ "Здравствен дом Кратово"**

**I.** Со Решението Даниела Тодосова се разрешува од функцијата член на Управниот одбор на Јавната здравствена установа "Здравствен дом Кратово".

За член на Управниот одбор на Јавната здравствена установа "Здравствен дом Кратово" како преставник од Советот на Општина Кратово се именува Дарко Марковски.

**II.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

09 - 1645/1 **Претседател**
12.12.2017 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Ранко Арсов, с.р.